На 25 ноември 2011 г. на Скопскиот саем МЦМС ја одржа националната конференција „Граѓански дијалог на локално ниво: размена на искуства“. Конференцијата беше дел од саемот на општините ЗЕЛС ЕКСПО.



Целта на конференцијата беше да се споделат резултатите и искуства од пилот општините Битола, Дебар и Јегуновце во кои преку консултативен процес се подготвија стратегии за соработка со граѓанскиот сектор, како и да се истакне важноста и потребата од граѓански дијалог и соработка на локално ниво.

Досегашните достигнувања во рамките на проектот ги претстави Димче Митрески, извршен директор на МЦМС: подготвените публикации – Компаративен преглед од пет земји; Домашната анализа; трите стратегии; консултативни процеси во трите општини во кои беа вклучени преку 120 учесници.

Присутните ги поздрави Сашо Лазаровски, заменик министер за локална самоуправа кој нагласи дека соработката со граѓанскиот сектор е услов за добро владеење на локално ниво и дека локалните власти имаат одговорност да ја вклучат пошироката јавност во планирањето на развојот на општината, во утврдувањето на заедничките приоритети и во реализацијата на проектите. Трите стратегии на кои им е заедничка крајната цел - развојот на локалната заедница, треба да им послужат како добар пример и на останатите општини.
Заменик министерот ја истакна подготвеноста Министерството за локална самоуправа и во иднина да ги поддржува општините, како партнер во обезбедувањето на техничка и финансиска помош.

Ирена Иванова, раководител на програми во Делегацијата на Европската Унија изрази задоволство од спроведувањето на проектот во кој со малку финансиски средства се направија значителни продукти. Таа најави дека, достигнувањата во овие пилот општини ќе бидат добар пример за регионалните стратегии за соработка со граѓанските организации чие донесување Европската унија планира да поддржи наредната година. Таа нагласи дека трите стратегии треба да им покажат и на граѓанските организации од другите општини дека иницијативата за подобра соработка треба да ја преземат самите тие во своите општини.



локално ниво … Граѓански дијалог на